**********

# ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 10 ОД ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР – НАСОКИ ЗА ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА ИМАТЕЛИ НА ИНФОРМАЦИИ КОИ НЕМААТ ОФИЦИЈАЛНА ВЕБ-СТРАНИЦА

Обврската за проактивно објавување на информации од јавен карактер, предвидена во член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/2019), е задолжителна за сите имателии на информации, што значи дека немањето на сопствена веб-страна не ги ослободува имателите **од исполнување на наведената обврска.**

Во 2021 година, според податоците Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, околу 55% од 1445 иматели немаа сопствена веб-страна, а ниту линк до веб-страната каде што проактивно ги објавуваат пропишаните информации од јавен карактер.

Тоа се главно помали иматели како: органи во состав, здравствени институции, образовни институции (градинки, основни и средни училишта) јавни претпријати и установи и дел од останатите правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес , а се иматели кои се обврзани да го имплементираат Законот, по правило, но немаат сопствена веб-страница, ниту објавуваат информации од својот делокруг на работа.

Затоа, Агенцијата дава препорака до имателите кои немаат сопствена веб страна **додека не се исполнат условите за да имаат сопствена веб-страна, во соработка и договор со органите кои ги основале или кои се надлежни за нивното работење, да ги објавуваат своите информации пропишани со член 10 од Законот на веб-страниците од надлежните иматели.**

Се препорачува на имателите кои се надлежни за имателите кои немаат сопствени веб страни да креираат **банер** на сопствената веб-страна (на пример, општина за основните и средните училишта) и истиот јасно да се означи на насловната страна, со што на барателите ќе им биде овозможено побрзо и полесно пристапување до потребните информации.

Имателот, односно службеното лице за посредување со информациите од јавен карактер, кој нема сопствена веб-страна, чии информации се објавени во банерот, ќе биде одговорно за точноста на содржината и податоците на објавените информации, ажурноста и нивната ажурираност, а имателот на информации, односно органот кој е основач, за нивно преземање и навремено објавување на информациите по нивното доставување. Затоа, целта на навременото, точното и максимално транспарентното објавување на информациите е да се обезбеди соработка помеѓу имателите, односно имателот кој што го овозможува објавувањето на информациите на неговата веб-страна и имателот чии информации се објавуваат.

Одредени иматели, како дел од правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, не се во можност да ја применат дадената насока, треба да работат на создавање услови за започнување со имплементација на членот 10 од ЗСПИЈК, на сопствена веб-страна.